Врз основа на член 5 став 3 од Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр. 80/99), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на лиценцата за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: образецот на лиценцата).

Член 2

Образецот на лиценцата се печати на специјална хартија, во бела боја, со вградени заштитни елементи-воден печат и УВ заштита со безбедносно заштитни копчиња и има правоаголна форма со димензии 25х35 цм.

Образецот на лиценцата содржи: Назив "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", "МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ", "ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ", место за "Име и презиме" на детективот, место за "Вид и степен на образование" на детективот, место за "ЕМБГ" на детективот, а под тоа е отпечатен текстот "Лиценцата се издава врз основа на приложената документација со која се докажува дека се исполнети сите услови од членот 4 став 2 од Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр. 80/99)". Во долниот лев дел од образецот на лиценцата има место за впишување на: број, место, ден, месец и година на издавање на лиценцата, во средината место за печат "МП", а во долниот десен дел, назив: "МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ" и под него место за потпис на министерот.

Во позадината на целиот образец на лиценцата е отпечатен ловоров венец со ознаката "РМ" во средина.

Член 3

Образецот на лиценцата, е утврден во прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 231-14056/1
21 април 2000 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Доста Димовска,** с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

Име и презиме: ____________________________________________________________

Вид и степен на образование: ________________________________________________

ЕМБГ: ___________________________________________________________________

Лиценцата се издава врз основа на приложената документација со која се докажува дека се исполенти сите услови од член 4 став 2 од Законот за детективската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 80/99).

Бр.________________
____________ година

МП

Министер
за внатрешни работи

__________________
___________________